Министерсво за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.045 Три Чешми Штип застапувано од Андреја Јосифовски со Записник бр.Ип1- 29-118 од 12.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од став 1 точка 9) 9) од Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016 и 99/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022 и 3/25), член 117 став 1 од Законот за упарвување со отпад („Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21 и 3/25), член 232 став2 алинеја 6 од Законот за води (Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021 и 3/25) и член27 став1 алинеа 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина(Сл.весник на РСМ број 99/2022годи3/2025) донесе:

**РЕШЕНИЕ**

1)СЕ ЗАБРАНУВА на правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр. 045 Три Чешми Штип да го собира транспортира и предава отпадот од сепараторите ( кој е опасен отпад) на правен субјект кој не поседува Дозвола за собирање и транспорт односно третман на таков вид на отпад.

2)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр. 045 Три Чешми Штип да склучи Договор за собирање и транспорт на отпадот од чистење на сепаратор со правен субјект кој поседува Дозвола за собирање и транспорт на таков вид на отпад и постијниот сепратор да го исчисти, траспортните и идентификационите формулари од превземаниот отпад да ги достави во ДИЖС.

3)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.045 Три Чешми Штип да изработи Елаборат за заштита на животната средина и истиот го поднесе до органот надлежен за одобрување и спроведување во МЖСПП.

4)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.045 Три Чешми Штип да поднесе барање за Дозвола за зафаќање на вода.

5)СЕ ЗАДОЛЖУВА правниот субјект Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.045 Три Чешми Штип да изработи септичка јама за отпадни води, истите да се одведат во септичката јама, по изработка на септичката јама да се склучи Договор со правен субјект за превземање на отпадната вода или да примени најдобри достапни техники.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **90(девеесет)** дена од ден на прием на Решението.

извршениот увид е констатирано дека правниот субјект поседува Елаборат за заштита на животната средина одобрен од МЖСПП со бр. 11-6653/2 од 21.09.2010 година, во 2019-2020 година се вршела целосна реконструкција на бензинската станица, од причина што е вршена комплетна реконструкција на бензинската станица потребно е да се направи нов Елаборат за заштита на животната средина и истиот да се достави на одобрување во МЖСПП. На локацијата има бунар за вода за кој не поседуваат Дозвола за зафаќање на вода. Отпадната вода од сепараторот и прочистителната станица се испушта со цевка надвор од кругот на правниот субјект во нива. Одговорното лице, извести дека Макпетрол Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје – Подружница бензинска станица бр.145 8-ми Ноември Штип има склучен Договор со правниот субјект Мечико ДООЕЛ Скопје за тековно одржување, чистење одвоз на масло, тиња и земја од сепаратори за масла, и дека истиот не поседува Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број Ип1-29-118 од 12.05.2026 година**

М.П.

Државен инспектор за животна средина
**Зоран Стојнев**

---------------------------------------------

со службена легитимација
број 06-0023 од 17.05.2022год.